# Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А

за работа на Комората на Органски Производители - КОП за 2019/2020 година

## *1. Први сто и дваесет денови*

(1) Регистрација на Комората и оспособување на седиштето за ефективно функционирање;
(2) Собирање на членарината: 10 ЕУР годишно за индивидуален земјоделец и занаетчија по основач/член, правно или физичко лице за еден органски производител и 50 ЕУР годишно за правни лица (трговски друштва);
(3) Формирање на органите на Комората, Арбитража, Суд на честа, Омбудсман, Одбор за образование и сертифицирање, Центар за совршеност, Фонд за развој на Комората.
(4) Изготвување на правилниците за да можат функционално да се конституираат сите органи и форми на работа на Комората;
(5) Воспоставување и ажурирање на Регистер на органски производители на Комората;
(6) Едукација, обука и сертификација на (првите) триесет (30) органски проиводители;
(7) Склучување договори за долгорочна деловна соработка со стопанските комори и други стручни и деловни организации во земјата;
(8) Воспоставување основна мрежа со партнерски институции, организации и поединци во земјата и странство;
(9) Лансирање и ажурирање на WEB страница на Комората.

## *2. Втори сто и дваесет денови*

(1) Подготвување Нацрт/Предлог-Закон за органски производители на РМ;
(2) Едукација, обука и сертификација на триесет (30) органски производители;
(3) Изготвување на првите десет (10) предлози за ИПА фондови;
(4) Изготвување десет (10) заеднички проекти со домашни и странски партнери за одржлив развој, екологија, енергија, туризам (селски, културен, спортски, риболовен...) итн;
(5) Основање Клуб на органски производители на Република Северна Македонија.

## *3. Трети сто и дваесет денови*

(1) Едукација, обука и сертификација на 30 органски производители;
(2) Изготвување на десет (10) предлози за ИПА фондови;
(3) Изготвување десет (10) заеднички проекти со домашни и странски партнери за одржлив развој, екологија, енергија, селски туризам и други подрачја.